ЈАВНАОПШТИНСКАУСТАНОВА ЗА ДЕЦА
-ДЕТСКА ГРАДИНКА-
„ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА - МАРА“ - БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА-МАРА“ – БИТОЛА
ЗА2024/2025 ГОДИНА

www.detskagradinka-prolet.mk

Битола, Септември 2025

**ВОВЕД**

Овој годишен извештај претставува опсежна анализа и приказ на целокупното работење на ЈОУДГ „Естреја Овадија – Мара“ – Битола во воспитната 2024/2025 година. Преку него се презентираат достигнувањата, предизвиците и перспективите на установата.

Годината ја започнавме со ентузијазам и јасна визија – да создадеме услови за среќно и здраво детство, за оптимален развој на секое дете и за негово успешно вклучување во образовниот систем. Секојдневните активности беа насочени кон обезбедување на стимулативна средина, почитување на индивидуалните разлики, поттикнување на креативноста и негување на позитивни вредности.

Вореализацијата на оваа мисија учествуваа сите сегменти од колективот – воспитувачи, негователки, стручни соработници, административни работници и технички персонал. Сите тие, предводени од директорката, работеа со заедничка цел и со чувство на одговорност. Родителите беа наши верни партнери, а комисиите придонесоа за систематичност и ред во функционирањето на установата.

Работење во извештајниот период, односно анализирањето на работата е направенониз прикажување на сите елементи и тоа како следи:

- Појдовни основи за организација на дејноста;
- Услови за работа и организација на работата;
- Поставеност;
- Реализација на програмата за рано учење и развој („Сл.весник на РМ“ бр.46/14);
- Организација на животот и работата со децата од 8 месечна до 24 месечна возраст;
- Организација на животот и работата со децата во групите од 2 годишна возраст до поаѓање на училиште;
- Организација на животот и работата со децата од поаѓање на училиште до 10 годишна возраст;
- Здравствена дејност;
- Инклузија;
- Културна дејност;
- Стручни органи во детската градинка;
- Стручноусовршување на воспитно – образовниот и воспитно згрижувачкиот кадар;

Почитување и реализација на Упатствата за:

- Планирање спортски ( физички, моторички) активности согласно стручно научната оправданост, принципите и целите на програмата за рано учење и развој на децата од предучилишна возраст „Забавен спорт“.

-Планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на

здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.
- За реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.

- Социјална дејност;
- Реализација на програмата на директорот;
- Реализација на програмите на  други стручни работници и соработници;
- Финансова и тековна политика на Детската градинка;
- Материјални трошоци.

## 2. ОСНОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА

Работата на градинката се реализираше врз основа на законската регулатива:

-Член 168 од Законот за заштита на деца (Сл. Весник на РМ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, и „Службен весник на Р.С.М.“ 104/19,146/19  и 275/19, 311/20, 294/21,150/22 и 236/22 )

-Програма за рано учење и развој (Сл. весник на Р.Македонија бр. 22/13, 12/14 од 06.03.2014 год.

Законот за заштита на децата,

- Конвенцијата за правата на детето,
- Националните стратегии за образование и социјална заштита,
- Годишната програма за работа на установата.

Клучни документи кои ја водеа дејноста беа:

- Програмата за рано учење и развој;
- Правилникот за стандардите и нормативите во предучилишните установи.

Основна цел беше унапредување на воспитно-образовниот процес, зајакнување на инклузивноста и обезбедување на еднаков пристап за сите деца, без оглед на нивните индивидуални потреби.

## 3.ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

ЈОУДГ „Естреја Овадија – Мара“ функционира преку повеќе објекти во градот и во руралните средини (Бистрица, Д. Оризари, Кукуречани, Кравари).

Секој објект обезбедуваше безбедна и уредена средина за престој, со адаптирани простории, дворни површини и реквизити за игра и спорт.

Во текот на годината се вршеше редовно одржување, уредување и подобрување на просторите.

Библиотеката беше збогатувана со стручни книги, списанија и прирачници кои беа користени за професионален развој на кадарот.

Во таа насока, во употреба беа следните изданија:

- **„Месечко“** – издавачка куќа Интеа прес;
- **„Математика од 4-5 и 5-6 години“** – Интеа прес;
- **„Смешка“** – издавачка куќа Едука Мак;
- **„Мини текнувалки од 3-4 години“** – Едука Мак;
- **„Росица“** – издавач Просветно дело.

Овие публикации беа искористени како основа за унапредување на методологијата и следење на современите трендови во предучилишното воспитание.

**ТАБЕЛА НА РАБОТНИЦИ**

**Состојба 31.08.2025година**

| Р.бр | К А Д А Р | **ВКУПНО** | **стручна подготовка** | | | | | | | | **пол** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ВСС | ВШС | ССС | НСС | ВКВ | КВ | ПКВ | НКВ | М | **Ж** |
| 1 | **Раководни работници** | | | | | | | | | | | |
| | Директор | **1** | 1 | | | | | | | | | 1 |
| 2 | **Стручни работници** | | | | | | | | | | | |
| | Педагог | | | | | | | | | | | |
| | Психолог | **1** | 1 | | | | | | | | 1 | |
| | Социјален работник | | | | | | | | | | | |
| | Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор | | | | | | | | | | | |
| | Логопед | **1** | 1 | | | | | | | | | 1 |
| | Доктор по медицина | | | | | | | | | | | |
| | Педијатар | | | | | | | | | | | |
| | Доктор на стоматологија | | | | | | | | | | | |
| | др. Стручни работници | | | | | | | | | | | |
| 3 | **Згрижувачки кадар** | | | | | | | | | | | |
| | Неговател | **41** | | | 41 | | | | | | | 41 |
| | Неговател во група со деца со пречки во развојот | | | | | | | | | | | |
| | Неговател во група во која има деца со пречки во развојот | | | | | | | | | | | |
| 4 | **Воспитен кадар** | | | | | | | | | | | |
| | Воспитувач | **32** | 30 | 2 | | | | | | | | 32 |
| | Воспитувал во група со деца со пречки во развојот | | | | | | | | | | | |
| | Воспитувал во група во која има деца со пречки во развојот | | | | | | | | | | | |
| | Помошник воспитувал во група со деца со пречки во развојот | | | | | | | | | | | |
| 5 | **Стручни соработници** | | | | | | | | | | | |
| | Музички педагог | **1** | 1 | | | | | | | | 1 | |
| | Диплотиран ликовен педагог | | | | | | | | | | | |
| | Педагог по физичко воспитување | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дипломиран професор по странски јазик и книжевност | | | | | | | | | | | |
| | Социјален работник ( VI степен) | | | | | | | | | | | |
| | **Административен кадар** | | | | | | | | | | | |
| | Благајник | | | | | | | | | | | |
| | Администратот кој врши благајнички и други административни работи (архивар и сл.) | | | | | | | | | | | |
| 6 | Советник секретар | **1** | 1 | | | | | | | | | 1 |
| | Правник | | | | | | | | | | | |
| | Економист - одговорен сметководител | | | | | | | | | | | |
| | Помлад соработник сметководител | **1** | 1 | | | | | | | | 1 | |
| | Материјален книговодител | **1** | 1 | | | | | | | | | 1 |
| | Финансов книговодител | | | | | | | | | | | |
| | Аналитичар-евидентичар | | | | | | | | | | | |
| 7 | **Готварски кадар** | | | | | | | | | | | |
| | Главен готвач | | | | | | | | | | | |
| | Готвач | **2** | | | 2 | | | | | | 2 | |
| | Помошник во кујна | | | | | | | | | | | |
| | Помошник готвач во главна кујна | **1** | | | 1 | | | | | | | 1 |
| | Помошник готвач во чајна кујна | | | | | | | | | | | |
| | Садомијачка-сервирка | **12** | | | | | | | 12 | | | 12 |
| | Сервирка | | | | | | | | | | | |
| 8 | **Друг технички кадар** | | | | | | | | | | | |
| | Магационер | **1** | | | 1 | | | | | | 1 | |
| | Набавувач | **1** | | | 1 | | | | | | 1 | |
| | Ложач на парни котли | **1** | | | 1 | | | | | | 1 | |
| | Ракувач на парни котли | | | | | | | | | | | |
| | Ракувач на парни котли кој е и ложач – возач | | | | | | | | | | | |
| | Хаусмајстор | **1** | | | 1 | | | | | | 1 | |
| | Градинар | **4** | | | | | | | 3 | 1 | 3 | 1 |
| | Шивачка | | | | | | | | | | | |
| | Перачка - пеглачка | **1** | | | | | | | 1 | | | 1 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Хигиеничар | **6** | | | | | | | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО:** | **110** | **37** | **2** | **48** | **0** | **0** | **0** | **22** | **1** | **12** | **98** |

Дејноста на Детската градинка оваа година ја реализиравме во пет детски градинки во градот, лоцирани во подолу наведените Месни заедници, како и во други просторни услови во поранешните општински згради во с.Бистрица (1 воспитна група во други просторни услови), во с.Кукуречани (1 воспитна група во други просторни услови), 1 воспитна група во с. Долно Оризари во подрачното училиште на ОУ„Даме Груев“ и 2 воспитни групи во с. Кравари.

Со цел да се обезбеди целосен увид во организацијата и капацитетот на установата ,во следната табела се прикажани централната градинка и подрачните објекти:

| **Детска градинка** | **Намена** | **МЗ** | **Улица и број** |
|---|---|---|---|
| „Пролет“ | Комбинирана | „Даме Груев“ | ул. „Наум Наумовски Борче“ бр.40 |
| „Вангел Мајорот“ | Комбинирана | „Елпида Караманди“ | ул. „Карпош“ бр.13 |
| „Снегулка“ | Комбинирана | „Естреја Мара“ | ул. „Чеде Филиповски Даме“ бр.48 |
| „Росица“ | Комбинирана | „Стив Наумов“ | ул. „Илчо Стојановски“ бр.13 |
| „Колибри“ | Комбинирана | „Гоце Делчев“ | ул. „Цане Бујуковски“ бр. 34 |
| „Росица 1“ | Комбинирана | с. Бистрица | ул. „А“ бр. 2 с. Бистрица |
| „Колибри 1“ | Комбинирана | с. Кукуречани | ул. „Б“ бр. 1 с. Кукуречани |
| „Пинокио“ | Комбинирана | с. Д. Оризари | ул. „Стив Наумов“ бр.56 А с. Долно Оризари |
| „Пролет 1“ | Комбинирана | с. Кравари | ул. „Спасе Ристевски“ бр. 2А с. Кравари |

Во два објекти на детските градинки ДГ „Колибри“ и ДГ„Росица“, лоцирани во населените места „Стрелиште“ и „Буковски ливади“, се остварува настава за учениците од првите пет одделенија на основните училишта „Тодор Ангелевски“ и „Коле Канински“. ОУ „Тодор Ангелевски“ го користи горниот кат на ДГ „Колибри“, додека ОУ „Коле Канински“ го користи долниот кат на ДГ „Росица“. Со оваа распределба на просториите ,на учениците им се обезбедени соодветни услови во двата објекта.

Во текот на годината, во нашите детски градинки, внимателно се планираат и реализираат активности кои имаат за цел целосен развој на децата, во согласност со нивната возраст и потреби. Со оглед на тоа што воспитно-образовниот процес е најдобро осигурен преку динамични и разновидни активности, распоредот на дневните активности е внимателно усогласен за секоја возрастна група.

За децата од 2 до 4 години и од 4 до 6 години, програмата е организирана така што им овозможува и физичка активност, социјални игри, како и моменти за пасивен одмор, што е клучно за нивниот раст и развој. Во оваа насока, особено се поттикнуваат активности како што се утринска гимнастика, прошетки, креативни игри, како и планирање на време за ужина и оброци, кои не само што им овозможуваат добра исхрана, туку и воспитуваат навики за здрав живот.

Секој ден, распоредот е темелно изработен за да се обезбеди соодветен баланс помеѓу учење, игра, активен и пасивен одмор, што ја гарантира благосостојбата и развојот на децата во нашата грижа.

**ДЕЦА ОД 2 ДО 4 ГОДИНИ/АКТИВНОСТИ**

| **Активности** | **Време** |
|---|---|
| Прием на деца ,слободни игри | **До 08.15** |
| Утринска гимнастика | **08.15** |
| Подготовка за појадок и појадок | **08.30** |
| Реализација на дневно планирање | **09.00** |
| Ужина | **10.00** |
| Реализација на дневно планирање | **10.30** |
| Прошетки,набљудување и престој на воздух | **11.00** |
| Ручек | **12.15** |
| Попладневен пасивен одмор-спиење | **12.45** |
| Ужина | **14.45** |
| Реализација на дневно планирање | **15.15** |
| Слободни игри | **16.00** |
| Испраќање на децата | **До 18.0 0** |

**ДЕЦА ОД 4 ДО 6 ГОДИНИ/АКТИВНОСТИ**

| **Активности** | **Време** |
|---|---|
| Приемнадеца ,слободни игри | **До 08.15** |
| Утринскагимнастика | **08.15** |
| Подготовказапојадок  и појадок | **08.30** |
| Реализацијанадневно планирање | **09.00** |
| Ужина | **10.00** |
| Реализацијанадневнопланирање | **10.30** |
| Прошетки, набљудување и престој на воздух | **11.15** |
| Ручек | **12.15** |
| Попладневенпасивен одмор-спиење | **12.45** |
| Ужина | **14.30** |
| Реализација на дневно планирање | **15.00** |
| Слободни игри | **16.00** |
| Средување на центри за учење и заминување на децата | **До 18.00** |

Во воспитната 2024/2025 година во установата функционираа 39 воспитни групи. Бројот на запишани деца варираше низ месеците, со состојба на 31.08.2025 -773 деца , што ја потврдува довербата на родителите во работата на градинката.

Кадарот беше составен од воспитувачи, негователки, педагог, психолог, логопед. Техничкиот и административниот персонал овозможуваа непречено функционирање на установата.

Директорката ја предводеше институцијата со визија, обезбедувајќи соработка со сите засегнати страни и постојано вложувајќи во квалитетот на услугите.

Со цел да се обезбеди целосен увид во организацијата и капацитетот на установата ,во следната табела се прикажани централната градинка и подрачните објекти:

Состојбата со бројот на децата заклучно со 31.08.2025 год. е прикажана во Табелата која следи:

| Ред. Бр. | Објекти | Капацитет | | До 2 години | | Над 2 години до поаѓање на училиште | | деца од 12 месеци до поаѓање во училиште (комбинирана) | | полудневен престој | | деца од 6 до 10 години | | Група во други просторни услови | | Други форми (вонинституционални форми) | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | проектиран | сегашен | група | деца | група | деца | група | деца | група | деца | групи | деца | група | деца | група | деца | **група** | **деца** |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | (4+6+ …..16) | **(5+7+ …..17)** |
| | Пролет | 230 | 282 | 2 | 40 | 9 | 226 | | | | | 1 | 16 | | | | | 12 | **282** |
| | В.Мајорот | 180 | 193 | 1 | 24 | 7 | 154 | | | | | 1 | 15 | | | | | 9 | **193** |
| | Снегулка | 105 | 123 | 1 | 17 | 4 | 106 | | | | | | | | | | | 5 | **123** |
| | Росица | 125 | 52 | | | 3 | 52 | | | | | | | | | | | 3 | **52** |
| | Колибри | 120 | 90 | 1 | 15 | 3 | 75 | | | | | | | | | | | 4 | **90** |
| | Росица 1 с. Бистрица | 20 | 12 | | | | | | | | | | | 1 | 12 | | | 1 | **12** |
| | Колибри 1 с.Кукуречани | 20 | 16 | | | | | | | | | | | 1 | 16 | | | 1 | **16** |
| | Пролет 1 с. Кравари | 40 | 25 | | | | | | | | | | | 2 | 25 | | | 2 | **25** |
| | Пинокио с. Д.Оризари | 20 | 18 | | | | | | | | | | | 1 | 18 | | | 1 | **18** |
| | **вкупно** | **860** | **811** | **5** | **96** | **26** | **613** | | | | | **2** | **31** | **5** | **71** | | | **38** | **811** |

## 4.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ

Програмата се реализираше преку годишни, тематски и дневни планови. Активностите беа насочени кон поттикнување на љубопитноста, истражувачкиот дух и креативноста на децата. Особено внимание се посветуваше на индивидуализираниот пристап и на интеграцијата на сите развојни области – физички, когнитивен, емоционален и социјален развој.

Во рамките на оваа програма значјна улога имаа стручните работници:

Музичкиот соработник со својата стручност придонесе за развивање на музичкиот слух,ритамот и изразувањето  кај децата преку пеење,свирење на исхтрументи и организирање на музички настапи.

Психологот беше клучен во следењето и поттикнувањето на емоционалниот и социјалниот развој ,обезбедувајќи индивидуални и групни активности за јакнење на самодовербата,меѓусебна соработка и развивање на позитивна слика за себе.

Логопедот ,преку дијагностика и третмани,активно работеше на подобрување на јазичниот развој,артикулацијата и комуникациските способности на  децата ,овозможувајќи имаподобра подготвеност за понатамошното образование.

Овој интердисциплинарен пристап овозможи интегрирана реализација на воспитно-образовниот процес и создаде услови за целосен развој на децата,при што секој стручен профил даде свој уникатен придонес.

### 5.2. Работа со деца од 8 – 24 месеци

Реализацијата на згрижувачките и воспитните активности за деца на возраст од 8 до 24 месеци, во воспитните групи, се темели на внимателно приспособување на дневните рутини и активности во согласност со специфичните потреби и психофизичкиот развој на најмладите. Овие деца се во фаза на интензивен развој, што подразбира особено внимателно водење на процесите на нега, исхрана, одмор и социјализација. Со цел да се обезбеди здрав развој и благосостојба, воспитната работа е систематски структурирана во три основни сегменти, кои се интегрираат во единствена воспитна и образовна цел.

1. **Првиот дел – Основни активности:**
   Во оваа фаза, особено акцент се става на процесот на адаптација, кој претставува клучен момент во развојот на децата. Правилното спроведување на нега и хранење, како и на овозможување оптимален одмор, се основни предуслови за психо-физичката стабилност на детето. Спроведувањето на редовни активности, како што се менување на пелени, хранење со соодветни прехранбени производи и обsирност при создавање на чувство на сигурност, се фундаментални за создавање на стабилна и здрава основа во почетните години на животот. Притоа, во процесот на адаптација се применуваат постепени чекори кои обезбедуваат лесно прилагодување на детето на новата средина и воспитна структура.

2. **Вториот дел – Развој на сетилата и моториката:**
   Овој период се карактеризира со интензивен развој на сетилата и моториката, поради што активностите треба да бидат педантно осмислени со цел да се поттикне активен развој на овие способности. Сетилните активности, како што се истражување на различни текстури, звуци и визуелни стимули, имаат директно влијание врз развојот на когнитивните способности, моторните вештини и самосвеста на детето. Контактот со предмети од секојдневната околина и поставувањето на прашања кои стимулираат мисловни процеси, како и активно вклучување во едноставни играчки активности, се од суштинска важност за поттикнување на развојот на говора. Тие се во основа на развојот на комуникацијата и речникот на децата, додека истовремено се усовршуваат основни моторни вештини, како што се држење и користење на предмети, како што се лажица и чаша.
3. **Третиот дел – Социјално-емоционален развој:**
   Во овој период, најголем акцент се стави на развојот на социјалните и емоционалните компетенции на децата, што е од особено значење за нивната понатамошна интеграција во социјалниот контекст. Развивањето на позитивни чувства, се остварува преку интеракции со врсниците и воспитниот тим, со што децата започнуваат да ги препознаваат и изразуваат своите емоции.

Сите овие активности, интегрирани во еден целосен воспитен пристап, имаат за цел не само развој на индивидуалните способности на децата, туку и формирање на основите на нивната идната емоционална и социјална зрелост.

**Работа со деца од 2 – 6 години**

При реализацијата на воспитно-образовната работа во воспитните групи за деца од 2 години до поаѓање во училиште, акцентот беше ставен на создавање на хармонично и позитивно воспитно опкружување во сите 26 воспитни групи. Воспитувачите и детските негователки посветија посебно внимание на првичниот прием на децата, лесната адаптација, како и на развивање на најосновните животни навики, кои претставуваат темел за понатамошен развој. Во оваа фаза, особено значење имаше усвојувањето на основните навики за јадење, миење, облекување, и културно однесување, како во занималната, така и во просторот на градинката.

Програмата се фокусираше и на изградба на свеста за чиста и здрава околина, што подразбираше како непосредната, така и пошироката околина. Во овој контекст, големо внимание беше посветено на воспитувањето на децата да се грижат за уредноста и редот, како и да ја почитуваат природата околу нив.

**Развивање на индивидуалните способности и поттикнување на самостојноста**

Наредниот клучен аспект беше развивањето на индивидуалните способности на децата, со акцент на поттикнување на нивната самостојност и способност за самостојно совладување на различни активности. Идејата беше децата да се ослободат од зависноста од воспитувачите и да бидат способни да се вклучуваат активно во процесот на учење преку истражување, игра и интеракција со своите врсници.

Дополнително, програмата беше насочена кон проширување на детскиот речник и поттикнување на развојот на психофизичките способности. Во овој процес, посебно внимание беше посветено на развивање на интелектуалните и моторичките способности, што се постигнуваше преку организирани активности во кои се вклучуваа различни аспекти на развојот на детето.

**Примена на стандардите за рано учење и евалуација на напредокот**

Реализацијата на воспитно-образовната работа беше темелно следена преку континуирана евалуација на напредокот на секое дете. Користејќи стандардизирани инструменти за процена, се следеше степенот на достигнување на соодветните стандарди за рано учење и развој. Ова овозможи индивидуален пристап, при што секое дете беше вреднувано согласно своите способности, потреби и напредок.

**Слободни активности и игра како основна форма на учење**

Паралелно со програмските активности, воспитувачите особено се посветија на слободните активности, кои беа интегрирани во секојдневната рутина на децата. Играта, како основна форма на работа, беше вклучена во сите моменти на детскиот живот. Детските игри, од творечки, дидактички и подвижни до логички и драматизациски, беа основа за развој на креативноста, фантазијата и интересите на децата. Преку играта, лесно се идентификуваа промените и напредокот во моторно-физичкиот развој на децата, што претставуваше важен индикатор за нивната зрелост и развој.

Во контекст на дневната рутина, посебно внимание беше посветено на редовен престој на децата на свеж воздух, игра на отворено, организирање на прошетки и обезбедување на редовен одмор. Исто така, организираните прослави и приредби беа важен дел од воспитно-образовната програма, кои дополнително ја збогатија социјалната и емоционалната компонента на воспитниот процес.

Програмата за воспитно-образовната работа со деца од 2 години до поаѓање во училиште беше успешна благодарение на целосната примена на стандардите за рано учење и развој, како и флексибилноста и индивидуализацијата на пристапот. Клучот на успехот беше здруженото влијание на воспитувачите, детските негователки и самите деца, кои заедно создадоа позитивно, стимулирачко и едукативно опкружување во кој се негуваше социјалната, интелектуалната и моторичката еволуција на децата.

Беа реализирани вкупно 11 теми и тоа:

| Тема | Период на реализација | Кратка содржина/активности | Стручни профили вклучени | Цел/исход | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Во градинка убава слика... | Септември | Игриви активности, запознавање, адаптација | Воспитувач, Психолог | Поттикнување доверба и припадност | Добра адаптација кај поголем дел од децата |
| 2. Теглите се полнат со зимница... | Октомври | Изработка на зимница, есенски прошетки | Воспитувач, Музички соработник | Запознавање со есента и традицијата | Успешна соработка со родителите |
| 3. Приказни и басни слушам... | Ноември | Читање басни, драматизација | Воспитувач, Логопед | Развој на говор и етика преку приказни | Децата со говорни потешкотии вклучени активно |
| 4. Тик-так, Новата година... | Декември | Новогодишна приредба, изработки | Сите профили | Поттикнување на празничен дух и тимска работа | Реализација на приредба со голем одзив |
| 5. Зимата е време за приказни... | Јануари | Читање традиционални бајки, музички игри | Воспитувач, Музички соработник | Развој на имагинација и слушна перцепција | Добра ангажираност кај сите деца |
| 6. Зимата дава знак... | Февруари | Едукативни игри за облекување | Психолог, Воспитувач | Стекнување самостојност и грижа за себе | Применето во секојдневие |
| 7. Една буба мара шара... | Март | Пролетни прошетки, набљудување природа | Воспитувач, Логопед | Поттикнување љубопитност и говорна активност | Видлив интерес кај децата |
| 8. Ех, колку сакам да пораснам... | Април | Разговори за занимања, костимирање | Воспитувач, Психолог | Развивање на самосвест и идентитет | Добра креативна изведба |
| 9. Во други земји со авион... | Мај | Проекти за земји, истражувања, прошетки | Воспитувач, Музички соработник | Запознавање со светот и локалната средина | Реализирана изложба |
| 10. Мали летни истражувачи | Јуни | Експерименти, истражувачки игри | Воспитувач | Поттикнување логичко мислење и истражување | Интерактивна работа со деца |
| 11. Сладолед си лижам... | Јули | Теми за лето, грижа за здравје и хигиена | Воспитувач, Психолог | Развој на здрави навики | Активности во отворен простор |

**Продолжен престој 6-10 години**

Учениците во продолжениот престој добиваа поддршка во совладување на наставната програма, пишување домашни задачи и развивање на работни навики. Покрај тоа, учествуваа во спортски, културни и креативни активности кои го збогатуваа нивното секојдневие.

**Програма за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје за 2024год.**

Програмата за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје продолжи со својата реализација во текот на минатата година, согласно насоките предложени од Министерството за труд и социјална политика. Во рамки на оваа иницијатива, децата редовно примаа свежо сезонско овошје, со што секое дете имаше можност да консумира по еден килограм овошје на неделно ниво.

Целта на програмата беше да се развијат здрави навики кај децата, насочувајќи ги кон редовно консумирање на разновидно и хранливо свежо овошје. Програмата не само што придонесе за подобрување на исхраната на младата популација, туку и ги стимулираше најмладите да изберат здрави опции за исхрана.

## 5.ЗДРАВСТВЕНА И ХИГИЕНСКА ЗАШТИТА

Во рамки на стручната служба на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ – Битола, во текот на воспитната 2024/2025 година, активностите беа реализирани од страна на логопедот, психологот и музичкиот соработник, со цел поддршка на севкупниот развој на децата, унапредување на воспитно-образовниот процес и обезбедување соодветна стручна и развојна поддршка.

Извештајот ги опфаќа реализираните активности, применетите методи, резултатите и препораките од секој од профилите:

- **Логопед** – проценка и третман на говорно-јазичниот развој на децата,
- **Психолог** – психолошка проценка, едукација и поддршка за деца, родители и воспитувачи,
- **Музички соработник** – реализација на музичко-воспитни активности и учество во приредби и проекти

Согласно Извештајот за работа на стручниот работник – логопед продолжено е од нејзина страна реализирањето на Програмата за превенција на говорот и гласот и нивна рехабилитација кај згрижените деца во детската градинка. Најнапред спроведено е логопедско тестирање на 350 деца на возраст од 4 до 6 години, од кои регистрирани се 299 случаи кои според дијагнозите изгледаат вака:

| | |
|---|---|
| Dyslalia | 127 |
| Razvojna dysphasia | 9 |
| Lambd. et. Rhot. | 40 |
| Lambdacismus | 51 |
| Rhotacismus | 5 |
| Sigmatismus | 47 |
| Sigmat. interd | 15 |
| Thetismus | 2 |
| ASD | 12 |
| **Вкупно** | **308** |

Бројот на деца кои посетуваа логопед во секоја градинка е прикажан во следната табела:

| **ЈОУДГ „ Естреја Овадија Мара “** | **вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| ДГ „ Пролет “ | 95 | 49 | 46 |
| ДГ „ Снегулка “ | 49 | 22 | 27 |
| ДГ „ Ванѓел Мајорот “ | 77 | 41 | 36 |
| ДГ „ Росица “ | 20 | 13 | 7 |
| ДГ „ Колибри “ | 33 | 17 | 16 |
| ДГ „ Пинокио “ с. Д. Оризари | 8 | 7 | 1 |
| ДГ „ Пролет 1 “ с. Кравари | 14 | 8 | 6 |
| ДГ „ Росица 1 “с. Бистрица | 5 | 4 | 1 |
| ДГ „ Килибри 1 “ с.Кукуречани | 7 | 3 | 4 |

Извршена е проценка на говорниот развој кај децата преку водење на логопедско досие за секое дете во сите детски градинки, кое содржи: анамнеза пополнета од страна на секој родител, тријажен тест за утврдување правилна артикулација на гласовите и тест за испитување на дискриминацијата на гласовите. Логопедскиот третманбеше прилагоден според индивидуалните способности на децата (физички, говорни и психички).

Во третманот беше опфатено времето на адаптација на секое дете, вежбите за развој на општата моторика и моторика на говорните органи, визуелно внимание, вежби за фонација и говорна имитација, вежби за разбирање на зборовите и извршување на наредби, именување на делови од телото, именување на животни и предмети, разликување на бои, форми и големини.

Започнато е со корекција на артикулацијата на гласовите, вежбите се спроведуваа според неделниот распоред за работа индивидуално или во групи, во зависност од дијагнозата во секоја од градинките.

Секоја една од вежбите се адаптирани под формата на игра, за да бидат лесно прифатени и совладани од страна на децата.

Еден дел од вежбите кои се исполнуваат во логопедскиот кабинет децата ги добиваат како домашна задача, за да очекуваните резултати бидат успешни.

Децата, чија говорна патологија бара поинтензивни логопедски третмани се советувани да земаат дополнителни третмани во ЈЗУ „Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација“ одБитола.

Во сите детски градинки логопедскиот третман траеше цела воспитна година(од Октомври 2024 година до Јуни 2025 година), корегирани се 83 случаи, третманот го прекинале 10 случај поради отпишување од градинка,а во последна фаза од корекција се 22 случаи.

Психологот активно делуваше во домените на превенција, рана интервенција, како и советување и едукација, со цел унапредување на менталното здравје и социо-емоционалниот развој на децата од најмала возраст.

---

**Превентивна улога на психологот**

Превентивните активности опфаќаат:

- Проценка и идентификација на развојните потреби и ризици;
- Едукација на родители и воспитно-згрижувачки кадар во поглед на:
    - детска психологија,
    - стилови на воспитување,
    - ментално здравје,
    - заштита од насилство;
- Следење на развојот на сите психо-физички аспекти кај децата;
- Имплементација на превентивни програми во рамки на установата.

---

**Рана интервенција**

Како составен дел од системот за поддршка, раната интервенција вклучува:

- Дијагностика на специфични развојни потешкотии;
- Советување на родители и персонал;
- Индивидуални третмани и терапевтски активности со деца;
- Навремено препознавање и интервенција кај деца со посебни образовни потреби;
- Поддршка при адаптација на новопримени деца.

Во текот на воспитната 2024/2025 година, музичкото воспитание беше реализирано континуирано и квалитетно во сите објекти на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ – Битола, опфаќајќи деца на возраст од 2 до 6 години. Тематските содржини беа спроведени во согласност со стандардите за ран детски развој, со цел развивање на слухот, гласот, чувството за ритам и музичката креативност кај децата.

## Реализација по возраст:

- **2–3 години**:
    - Обработени песни: 10
    - Слушање музика: 5
    - Утврдување на песни: 10

- Музички игри: 4
- Бројалки: 1
- Утврдување на бројалки: 1

- **3–4 години**:
  - Обработени песни: 12
  - Утврдување на песни: 12
  - Слушање музика: 6
  - Пеење познати песни: 4
  - Повторување песни: 3
  - Музички игри и утврдување: 4 + 4
- **4–5 години**:
  - Обработени песни: 12
  - Утврдување песни: 12
  - Слушање музика: 5
  - Повторување песни: 4
  - Музички игри: 5
  - Утврдување на игра: 1
- **5–6 години**:
  - Обработени песни: 10
  - Утврдување песни: 10
  - Слушање музика: 5
  - Повторување песни: 4
  - Музички игри: 4
  - Музика и движење: 8
  - Карактеристики на музичко дело: 3

**Реализација на приредби:**



- **Патронат на установата**
  Учествуваа деца од големи, средни и хетерогени групи.




- **Нова година и 8-ми март**
  Соработка со воспитувачи и учество од повеќе градинки.



- **Завршна приредба „Маѓијата на Дизни“**
  Одржана на 27.05.2025 година во Центарот за култура – Битола, со ангажман на сите групи од сите објекти. За успешна реализација беше користена сопствена техничка опрема (монтажа, аудио обработка и музичка координација).

Годишната програма е успешно реализирана преку разновидни активности кои овозможија целосен музички развој кај децата. Содржините беа адаптирани според возраста и можностите на децата, со акцент на активното учество, слушањето, изведбата и креативноста.

---

**Спроведени санитарно-хигиенски и превентивни мерки:**

Во текот на извештајниот период, во установата беа континуирано спроведувани следните активности во насока на заштита на здравјето на децата и одржување на високо ниво на хигиена:

1. **Санитарно-хигиенски контроли и ДДД-мерки**
    - Редовно се вршеа санитарни прегледи и спроведување на мерки за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД-мерки), со цел обезбедување на безбедна и здрава средина.
    - Се спроведуваше постојана контрола на хигиената во објектите, вклучително и следење на правилната употреба на хигиенски средства и дезинфекциони препарати.
2. **Контрола на исхраната и бактериолошка исправност**
    - Беше вршена редовна контрола на бактериолошката исправност на сите прехранбени производи и вода за пиење, согласно пропишаните стандарди за безбедност на храна.
    - Возилата за транспорт на храна беа предмет на редовна проверка и дезинфекција, во согласност со принципите на HACCP системот.
3. **Контрола при прием на деца и управување со заразни заболувања**
    - Секојдневно се вршеше контрола при повторен прием на деца кои биле отсутни.
    - Во случаи на утврдено присуство на заразно заболување (сипаници, бактериски инфекции и сл.), детето веднаш се изолираше, се известуваше Центарот за јавно здравје – Битола, и се постапуваше согласно нивните стручни насоки.
    - Повторниот прием на детето се дозволуваше исклучиво по приложување на негативен лабораториски резултат.
4. **Превентивни мерки и вонредна дезинфекција**
    - За останатите деца од групата се преземаа превентивни мерки
    - Во просториите на установата се спроведуваше вонредна дезинфекција на сите работни и заеднички површини, како и на играчките и останатиот дидактички материјал.

Овие активности беа спроведувани со цел превенција од појава и ширење на заразни заболувања, унапредување на здравјето на децата и обезбедување на безбедна воспитно-образовна средина.

---

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР**

Кадарот систематски и континуирано се усовршуваше преку учество на семинари, обуки и стручни советувања. Примената на современи стручни списанија и литература значително придонесе за надградување на професионалните компетенции, што се одрази на унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и воведување на иновативни методи на работа.

Посетувањето на обуки овозможи надградување на професионалните компетенции и примена на нови методологии и техники во секојдневната пракса :

---

- ,Инклузија и средина за учење,,-обука одржана во салата на општина Прилеп од страна Министерство за социјала и труд - предавач ДаркоКобетиќ
- Развивање на кооперативноста и компетитивноста низ игра,кај предучилишните деца
- Еден ден во градинка-Обука во рамките на професионалните заедници за учење.
- Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа обука одржана од МСПДМ
- Организирана едукација, рехабилитација на лицата со попреченост во РСМ, обука на логопед и психолог
- Развивање на здрави навики во исхраната на децата од предучилишна возраст
- Обука за јавни набавки, практична примена на законот за ЈН
- Обука за завршна сметка
- Искуство, учење и различните перспективи во ДГ
- Поддршка на понатамошна имплементација на моделот на процена за дополнителна поддршка во образованието,здравствена и социјална заштита на децата и младите врз основа на МКФ
- Обука за изготвување на годишен план за вработување
- Посета на 89та средба на Здружение на Правници, со советување на теми од правната област
- Обука на вработените за ракување со новите ПП апарати

- Обука на вработените за прва помош организирано од Црвен Крст
- Обука на вработените за безбедност, здравје и заштита при работа

## ИНКЛУЗИЈА

Инклузијата претставува комплексен и динамичен процес кој обезбедува оптимални воспитно-образовни услови за деца со попреченост, со цел нивно целосно учество, прифаќање и интеграција во социјалната и образовната средина. Овој процес овозможува надминување на предрасудите и стереотипите, како и намалување на нивната исклученост, што му овозможува на секое дете да стекне чувство на припадност и достоинство.

Во текот на 2024/25 година, нашата установа продолжува посветено да одговара на индивидуалните потреби на сите деца, независно од природата на нивните потешкотии или хендикепи. Овој пристап се базира на системска соработка и координација помеѓу воспитно-образовниот кадар, стручните лица и родителите, со цел обезбедување целосна поддршка и развој на потенцијалите на секое дете.

Стручните работници – логопед, психолог и педагог – активно ги насочуваат воспитувачите и негувателите, обезбедувајќи експертски насоки и техники за работа со деца со потешкотии во развојот, со посебен фокус на унапредување на нивните функционални способности и социјални вештини.

Особена важност во процесот на инклузија има раната детекција, систематската процена и навремена интервенција, кои значајно ги намалуваат последиците од развојните потешкотии и создаваат предуслови за успешно образование во редовните воспитно-образовни институции. Интензивната и позитивна интеракција меѓу децата со и без потешкотии придонесува за формирање на позитивни ставови и прифаќање во социјалната заедница.

- Во текот на изминатата година, во нашата установа беше интегрирано уште едно дете со официјална категоризација, што ја потврдува нашата заложба за инклузивно образование. Во контекст на Проектот за подобрување на социјалните услуги, поддржан од Светска банка и Министерството за труд и социјална политика, продолживме со професионалниот развој на кадарот преку обуки на тема ,,Инклузија и средина за учење,,-обука одржана во салата на општина Прилеп од страна Министерство за социјала и труд - предавач ДаркоКобетиќ

**КУЛТУРНА И СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ**

Во текот на годината беа реализирани бројни културни манифестации, приредби и прослави. Особено значајно беше учеството на децата во одбележувањето на важни датуми и празници, меѓу кои:

05.09.2024 – Ден на независноста на РСМ (8 септември)
19.09.2024 – Светски ден на мирот (21 септември)
22.09.2024 – Меѓународен ден без автомобили
22.09.2024 – Добре ни дојде есен (23 септември)
03.10.2024 – Ден на учителот (5 октомври)
10.10.2024 – Ден на народното востание (11 октомври)
15.10.2024 – Меѓународен ден на пешачењето
15.10.2024 – Светски ден на миење раце
16.10.2024 – Меѓународен ден на борба против гладот
31.10.2024 – Ден на штедењето
04.11.2024 – Ослободување на Битола
20.11.2024 – Светски ден на детето
03.12.2024 – Меѓународен ден на лицата со попреченост
05.12.2024 – Климент Охридски (8 декември)
21.12.2024 – Поздрав на баба Зима
25.12.2024 – Патрон празник на Естреја Овадија Мара
05.01.2025 – Коледе
05.01.2025 – Бадник (6 јануари)
05.01.2025 – Божиќ (7 јануари)
14.01.2025 – Василица
16.01.2025 – Меѓународен ден на Снешкото (18 јануари)
16.01.2025 – Водици (19 јануари)
20.02.2025 – Меѓународен ден на мајчиниот јазик (21 февруари)
27.02.2025 – Светски ден на ретки болести (28 февруари)
05.03.2025 – Светски ден за заштеда на енергија
06.03.2025 – Европски ден на логопедијата
06.03.2025 – Меѓународен ден на жената (8 март)
11.03.2025 – Ден на депортација на Евреите
19.03.2025 – Ден на среќата (20 март)
19.03.2025 – Рамазан Бајрам (20 март)
19.03.2025 – Ден на доаѓање на пролетта (20 март)
19.03.2025 – Светски ден на заштеда на водата (22 март)
27.03.2025 – Светски ден на театарот
01.04.2025 – Светски ден на шегата
02.04.2025 – Меѓународен ден за поддршка на лицата со аутизам
02.04.2025 – Светски ден на литературата за деца по повод раѓањето на Ханс Кристијан Андерсен
07.04.2025 – Светски ден на здравјето
08.04.2025 – Светски ден на Ромите
09.04.2025 – Велики четврток
10.04.2025 – Велигден (12 април)

22.04.2025 – Светски ден на планетата Земја
22.04.2025 – Светски ден на градинките
23.04.2025 – Светски ден на книгата
30.04.2025 – Ден на трудот (1 мај)
06.05.2025 – Ѓурѓовден
07.05.2025 – Ден на македонската полиција
08.05.2025 – Светски ден на Црвениот крст
15.05.2025 – Меѓународен ден на семејството
20.05.2025 – Ден на македонските пожарникари
22.05.2025 – Кирил и Методиј – Ден на сесловенските просветители (24 мај)
01.06.2025 – Меѓународен ден на детето
05.06.2025 – Светски ден на заштита на животната средина
19.06.2025 – Светски ден на музиката (21 јуни)
07.07.2025 – Илинден
31.07.2025 – Илинден (2 август)

Детската градинка остварува соработка со ЦЈЗ Битола, ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербална комуникација Битола, ОУ Даме Груев, ОУ Коле Канински, Здружение на пензионери Битола група Сирма Војвода, МТВ, Стопанска Банка Битола, ТТК Банка Битола, Комерцијална Банка Битола, Шпаркасе Банка Битола, Штедилница Можности Битола, НУ Универзитетска Библиотека СВ.Климент Охридски, ОУРЦ Кочо Рацин Битола, Државно музичко училиште, Општина Битола, Германско друштво, СВР Битола, Театар Хит Скопје, Космик Девелопмент, Сокотаб Битола, Хармоничен Свет, Здружение на пчелари, Еврејската заедница на РСМ, со локалните телевизии, Црвен крст, како и со многу други детски градинки од Републиката.






Ден на независноста на РСМ (8 септември)

денот на учителот







Ден на народното востание (11 октомври)

Меѓународен ден на пешачењето







Светски ден на миење раце

Ден на штедењето






Ослободување на Битола

Светски ден на детето




Светски ден на ретки болести



Василица



Меѓународен ден на Снешкото



Меѓународен ден на мајчиниот јазик
(21 февруари)





Ден на депортација на Евреите

Светски ден на шегата






Меѓународен ден за поддршка на лицата со аутизам

Велигден



Светски ден на планетата Земја




Светски ден на планетата Земја



Ден на македонската полиција




Светски ден на Црвениот крст





Светски ден на музиката

развивање на кооперативноста и компетитивноста низ игра, кај предучилишните деца





Обука на вработените за прва помош организирано од Црвен Крст

Шумската принцеза театарска претстава



соработка со државно музичко



едукативно предавање
за безбедност во сообраќајот



нашиот воспитен тим во соработка со
Оурц Кочо Рацин Битола



Зимска Приказна -Новогодишна бајка





Светскиот ден на литературата – НУ Универзитетска библиотека

Служба за детска и превентивна стоматологија






Weihnachtmarkt - Bitola Германски божиќен панаѓур    доделување на новогодишни пакетчиња




Сокотаб донација



Донација од ПСПДМ




донаторски настан за креветчиња во Битолските градинки



Обука на вработени за ракување со ПП Апарати

## СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

**Совет на родители**
Во текот на извештајниот период, Советот на родители одржа 3 ( три ) седници на кои беа донесени важни одлуки, меѓу кои конституирање на нов совет на родители, избор на член од родителите за во Управен Одбор, изборот на најповолна осигурителна компанија за осигурување на децата, избор на фото студио за традиционално сликање со Дедо Мраз, како и изработка на табло по избор на најповолниот понудувач, утврдување и донесување на одлука за цената на влезниците. Советот активно се вклучи во следењето и поддршката на сите активности согласно Годишната програма за работа.

**Стручен совет**
Во текот на извештајниот период, Стручниот совет континуирано ги следеше и детално ги анализираше прашањата поврзани со реализацијата на воспитно-образовната дејност во сите сегменти. Особено внимание беше посветено на односот меѓу вработените, соработката со родителите, организирањето на воспитно-згрижувачките активности, учеството во работата на Управниот одбор, здравствената заштита, како и подготовките за сите прослави и приредби во детската градинка.

**Совет на воспитувачи**
Советот на воспитувачи одржапет седници во текот на годината, при што првично беа дефинирани воспитните групи, бројот на деца во нив и распоредот на воспитувачите. Понатаму, фокусот беше насочен кон подготовката и реализацијата на тековните активности. Членовите на Советот преку затворена онлајн платформа редовно ги разгледуваа и евалуираа потребите и резултатите од воспитно-образовната работа, како и од проектните и програмските активности.

**Совет на детски негователки**
Советот на детските негователки во извештајниот период одржа две седници, на кои беа утврдени воспитните групи, бројот на деца во нив и распоредот на негователките. Советот редовно одржува состаноци во своја затворена онлајн група, каде се разгледуваат и анализираат реализираните активности во доменот на згрижувачката, здравствената и воспитно-образовната дејност.

**Управен одбор**
Во согласност со Програмата за работа на Управниот одбор за 2024/2025 година, Управниот одбор одржа вкупно осум седници во текот на извештајниот период. На овие седници беа донесени клучни одлуки, вклучувајќи го Годишниот извештај за 2023/2024 година, Предлог Годишната програма за работа за 2024/2025 година, Годишниот план за вработување за 2024 и 2025 година, финансиските планови за 2024 година, завршната сметка за 2024 година, како и планот за јавни набавки. Дополнително, формирани беа повеќе повремени и постојани комисии за пописи и за изработка на акти на детската градинка.

## Улога на родителите и комисии

Родителите активно и конструктивно учествуваа како нераскинливи партнери во воспитно-образовниот процес на ЈОУДГ „Естреја Овадија – Мара“. Во текот на годината, се организираа редовни родителски средби, на кои се дискутираа важни теми поврзани со развојот и воспитувањето на децата, како и за унапредување на воспитно-образовната практика.

Дополнително, беа реализирани тематски работилници наменети за родителите, со цел зајакнување на нивната улога во поддршката на детскиот развој и учење. Заедничките активности меѓу родители и деца дополнително ја поттикнаа меѓусебната соработка и создавање позитивна атмосфера во установата.

Во текот на годината беа реализирани различни форми на соработка со родителите, меѓу кои:

- Новогодишна работилница;
- Новогодишна приредба;
- Приредба по повод Денот на жената – 8-ми март;
- Велигденски работилници;
- Завршна приредба **„Магијата на Дизни“**;
- Приредба за доделување на дипломи на идните првачиња.

Во духот на општествената одговорност, заедно со родителите, беа организирани и хуманитарни акции со цел помош на ранливи категории и поттикнување на вредности како солидарност и емпатија кај најмладите:

- Хуманитарна акција **„Од дете за дете“** по повод Светскиот ден за борба против гладот;

Комисиите за прием на деца, исхрана и безбедност придонесоа за транспарентност, ред и објективност при донесувањето на одлуките.

За време на извештајната година непречено се одвиваше работата на следните комисии:

- Комисија за прием на деца;
- Комисија за преглед на активности на официјалната FB страна на Установата;

- Комисија за изработка на Годишна Програма за професионален развој на вработените во Установата за воспитната 2023/2024 година;
- Комисија за лиценцирање на давателите на јавни услуги;
- Работно тело „Организациска единица за менаџирање со човечките ресурси во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола“;
- Комисија за полагање на приправнички стаж;
- Комисија во потесен и поширок состав за кризен менаџмент на Установата;
- Комисија за спроведување на дисциплински постапки
- Комисија за проверка на квалитетот на храна при прием во магацин

## Реализација на проекти

**Проектот „Инклузија на деца Роми во јавни предучилишни установи – Детски градинки“**

Овој проект успешно се реализира веќе петнаесетта година, при што беа инклузирани вкупно 25 деца распоредени во воспитните групи во детските градинки „Снегулка“, „Пролет“ и „Вангел Мајорот“. Во учебната 2024/2025 година, преку Годишната програма за работа, беа интегрирани традиционални игри во воспитните групи за деца од 4 до 6 години, што значајно го збогати воспитно-образовниот процес. Традиционалните игри, како што се „Да бие топката и сите околу неа“, „Царица“, „Грнчиња“, „Прстенче“, „Лета–лета“, „Куц камен“, „Помина помина осата“ и „Оди мачка покрај тебе“, со голем ентузијазам беа применувани од страна на децата.

**Проектот „Народна кујна“**

Од 2007 година, со континуирана посветеност, детската градинка го реализира Проектот „Народна кујна“, преку кој се обезбедува топол и ладен оброк (ланч пакети) за 120 корисници од социјално ранливи категории од градот. Дистрибуцијата на оброците се спроведува секојдневно на три пункта во градот.

## Социјална дејност

Во рамките на социјалната компонента, детската градинка посветува посебна грижа за децата од семејства со низок социјален статус, која се реализира преку следните активности:

- Засилена соработка со родителите на децата од овие семејства, вклучувајќи повеќе разговори и предлагање на мерки за олеснување во грижата за децата;
- Поддршка и работа со родителите кои учествуваат во Проектот „Инклузија на деца Роми“, со цел проширување на инклузијата и на помалите деца од нивните семејства, за побрза и полесна социјализација на децата.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Работата на директорот во извештајната година се реализираше согласно со Годишната Програма за работа на Детската градинка за 2024/2025година и Годишната програма за работа на директорот за 2024/2025 година, како и согласно сите вклучувања и реализирање на тековни и нови проектни активности на локално и републичко ниво и сите активности кои произлегуваа од тековното работење, а сите во насока на непречено и успешно реализирање на дејноста во целост.

| Содржина на работата | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|
| 1. Техничко – организациска подготовка за отпочнување за воспитна 2024/2025 год. | Јули - Август 2024г. | Јули - Август 2024г. |
| 2. Изготвување на Програма за работа – согласно со стандардите за рано учење и развој | Август -Септември 2024 г. | Август -Септември 2024 г. |
| 3.Формирање на воспитни групи, распоредување на воспитно – згрижувачкиот кадар по воспитни групи и детски градинки – објекти | Август 2024 г. | Август 2024 г. |
| 4. Одржување седници наСовет на Воспитувачи и детски негователки | Август-Септември 2024 г. | Август-Септември 2024 г. |
| 5. Консултации и насоки за групите, родителски состаноци | Септември 2024 г. | Септември 2024 г. |
| 6.Подготовка и учество на Седницата на Управниот одбор | континуирано за сите седници | континуирано за сите седници |
| 7. Посета на групите во сите градинки | континуирано | континуирано |
| 8. Подготовка на седници на Стручен Совет и Совет на родители | континуирано и по потреба | континуирано и по потреба |
| 9.Соработка со стручни институции Локална самоуправа, МТСП, детски градинки | континуирано | континуирано |
| 10.Следење на работата на Комисијата за исхрана на децата | континуирано | континуирано |
| 11.Учество во подготовка за разни манифестации, приредби и следење на истите | континуирано | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| 12.Учество во изработка на нормативни акти | по потреба | по потреба |
| 13. Следење и грижа за реализација на Проектите | континуирано | континуирано |
| 14. Подготовка и следење на Активности за одбележување на новогодишните празници | Декември 2024г. Јануари - Март 2025 г. | Декември 2024г. Јануари - Март 2025 г. |
| 15. Изготвување на предлог распоред за годишните одмори за 2024 г. и изготвување на Решенија за истите | Јули 2025 г. | Јули 2025 г. |
| 16. Следење и учество во мониторинг на реализација на проектните активности | Септември- Август 2025г. | Септември- Август 2025г. |
| 17. Одржување на Совет на воспитувачи и негователки | Август 2025 г. | Август 2025 г. |
| 18. Техничко – организациска подготовка за отпочнување за воспитна 2024/2025 год. | Јули - Август 2025 г. | Јули - Август 2025 г. |
| 19. Изготвување на Годишен Извештај 2024/2025г. | Август- Септември 2025 г. | Август- Септември 2025 г. |

**ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА УСТАНОВАТА**

Финансиското работење се одвиваше согласно планот и законската регулатива, со цел рационално користење на средствата и почитување на прописи за јавни набавки и финансиска транспарентност. Сите активности беа насочени кон ефикасно управување со ресурсите и обезбедување на стабилност во работењето.

Набавката на сите прехранбени стоки се вршеше по склучени договори (по спроведени Јавни огласи - Отворени постапки кои завршија со електронски аукции).

За периодот Септември-Декември 2024година за храна за згрижените деца потрошенисе средства во висина од 2.528.579,00 денари, а за периодот Јануари-Август 2025 година за истата намена потрошени се4.354.551,00 денари, односно вкупно се потрошени 6.883.130,00 денари.

За периодот Септември-Декември 2024година за средства за одржување на хигиена за згрижените деца потрошени се средства во висина од 69.703,00 денари, а за периодот Јануари- Август 2025 година за истата намена потрошени се208.177,00 денари, односно вкупно се потрошени 277.880,00 денари.

Сите набавки на стоки, како и набавките на сите услуги се извршени во согласност со Законот за јавни набавки, а ги издвојуваме следните набавки:

1. Поправка и сервисирање на опремата во кујна, перална и правосмукалки во износ од 253.381,00 денари.
2. Набавка на резервни делови за опрема, електричарски материјали, резервни делови за кујна опрема во износ од 300.000,00 денари.
3. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во износ од 62.870,00 денари.
4. Здравствено хигиенски прегледи на вработените и микробиолошки анализи за кујна во износ од 232.000,00 денари.
5. Набавка на леб и бели печиваза згрижените деца и корисниците на Проектот „Народна кујна“ во износ од 996.400,00 денари.
6. Прехрамбени и колонијални производи за згрижените деца и корисниците на Проектот „Народна кујна“ во износ од 6.876.410,00 денари.
7. Канцелариски материјали и литература во износ од 126.345,00 денари.
8. Осигурување на објекти и опрема и возила во износ од 84.221,00 денари.
9. Нафта за службените возила во износ од 211.480,00 денари.
10. Набавка на екстра-лесно масло за греење 4.200.000,00 денари.
11. Набавка на средства за хигиена 378.850,00 денари.
12. Набавка на постелнини 283.908,00 денри.
13. Набавка на дограмаџиски материјал,бои и лакови 299.720,00 денари
14. Набавка на ПП апарати 93.456,00денари
15. Набавка на обувки 193.284,00 денари
16. Набавка на работна и заштина облека 342.424,00 денари
17. Систематски прегледи на вработени 84.800,00 денари
18. Објавување на огласи во дневни весници 94.400,00 денари
19. Набавка на систем за дојава на пожар 440.730,00 денари
20. Набавка на опрема за греење и климатизација 1.144.000,00 денари
21. Телефнија и интернет 361.958,00 денари

22. Набавка и монтажа на систем за загревање на санитарна вода 292.522,00 денари
23. Санација на тоалети во ДГ „Вангел Мајорот“ 3.575.282,00 денари
Сите износи на склучените договори се без вклучен ДДВ.

## МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Детската градинка материјалните трошоци за извештајниот период ги реализираше согласно со донесените финансови планови и согласно обезбедените средства од наменските и блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија.

Во оваа насока, особено истакнуваме дека детската градинка оствари добра соработка со локалната самоуправа и со Министерството за труд и социјална политика.

Во текот на воспитната 2024/2025 година,установата остваруваше плодна и кинтинуирана соработка со бројни општествено одговорни компании и институции како и со МТСП .
Благодарение на нивната поддршка градинката доби значајни донации од: КОСМИК Девелопмент Битола детски креветчиња, донација на играчки од Сокотаб во ДГ во руралните средини, МСПДМ поддржано од Светска банка донирани беа дидактички играчки за сите ДГ, Општина Битола и Германското Друштво донираа новогодишни пакетчиња за децата од две ДГ.



Дезинфекција, дезинсекција и дератизација



Набавка на ПП Апарати



Набавка на систем за дојава на пожар









Набавка на обувки, работна и заштитна облека

**ЗАКЛУЧОК**

Воспитната 2024/2025 година ја одбележа успешното функционирање на ЈОУДГ „Естреја Овадија – Мара“ – Битола. Посветеноста надиректорката, професионалноста на воспитувачите и стручните работници, активното учество на родителите и работата на комисиите придонесоа за создавање на безбедна, поттикнувачка и квалитетна средина за децата.

Со тоа, градинката ја потврди својата улога како значаен столб на предучилишното воспитание и образование во Општина Битола.

Во наредната воспитна година фокусот ќе биде насочен кон следниве приоритети:

- **Подобрување на условите за престој:** реконструкција и адаптација на дел од просториите, збогатување на дворните површини со нови реквизити и засадување зеленило.
- **Јакнење на инклузивноста:** воведување дополнителни програми за деца со посебни образовни потреби и проширување на индивидуалната поддршка преку стручниот тим.
- **Стручно усовршување:** организирање на интерни обуки и учество на кадарот на национални и меѓународни семинари за современи методи во предучилишното образование.
- **Соработка со родителите и заедницата:** развивање на нови форми на партнерство, вклучување на родители во креативни работилници и хуманитарни активности.

**ВД ДИРЕКТОР**

______________________________

**Весна Лозановска**